| Да се идентификуват учениците со посебни образовни потреби/ потешкоти во учењето | -формирање на тим за соработка<br>-одредување на временски период за соработка со наставници<br>-одредување на начин и временски период за соработка со родители | - ученици<br>-стручни соработници (психолог,педагог)<br>-наставници (одд.раководител, други наставници)<br>-родители<br>-стручни лица од други институции | -тестови за општи интелектуални способности<br>-проективни техники<br>-стручна литература<br>-наставни средства и помагала | континуирано во текот на целата учебна година | -формиран е тимот за соработка<br>-откриени се учениците со потешкотии во учењето |
| Да се открие проблемот кај конкретен ученик | -одредување на начин и временски период за соработка со родители<br>-одредување на начин и временска рамка за соработка со други институции<br>-водење на ученичко досие | - ученици<br>-стручни соработници (психолог,педагог)<br>-наставници (одд.раководител, други наставници)<br>-родители<br>-стручни лица од други институции | -тестови за општи интелектуални способности<br>-проективни техники<br>-стручна литература<br>-наставни средства и помагала | континуирано во текот на целата учебна година | -откриени се проблемите кај учениците<br>-остварена е соработка со сите вклучени субјекти<br>-користени се планираните инструменти, техники, наставни средства и помагала<br>-документирана е работата , водено е ученичко досие |
| Да се постигне соодветен успех кај ученикот | - следење на протоколот за работа<br>- одредување на методи на работа | -ученик,<br>-наставници<br>-стручни соработници<br>- родители | наставни средства и помагала | континуирано, додека има потреба | -вклучени се сите субјекти<br>-изведени се планираните активности |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | - континуирана соработка со сите вклучени субјекти<br>- редовно изведување на сите претходни активности планирани за работа со конкретниот ученик<br>- проверување на ученикот | | | | -ученикот е проверен со соодветни методи<br>-информирани се родителите. |

## Програма за работа на училишен инклузивниот тим (УИТ)

| Задача | Активност | Време | Носител | Очекувани резултати | Одговорно лице |
|---|---|---|---|---|---|
| Да ги идентификуваме учениците со ПОП | Опсервација и разговори со учениците со ПОП | Септември<br>Октомври | Инклузивен тим | Навремено идентификувани учениците со ПОП | Инклузивен тим |
| Да ги упатиме учениците во надлежна институција за наод и мислење | Доставување писмено барање до родителите за обезбедување на наод и мислење од надлежна институција (ЗМЗ) | По потреба | Инклузивен тим<br>Стручен тим од надлежна институција | Навремено добиена медицинска белешка (потврда) за учениците со ПОП | Инклузивен тим |
| Да ги процениме способностите на учениците со ПОП | Опсервација, разговори и тестирање на учениците со ПОП | Август | Инклузивен тим<br>Специјализирани лица од други институции | Навремено проценети способностите и слабостите на учениците со ПОП | Инклузивен тим |
| Да разговараме со родителите со учениците со ПОП | Разговор со учениците со ПОП | Септември | Инклузивен тим | Поддршка на родителите на учениците со ПОП | Инклузивен тим |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Да им дадеме инструкции на наставниците за карактеристиките на учениците со ПОП кои се запишани во оваа учебна година | Инструктивна работа преку разговор, прирачници | Септември Октомври | Инклузивен тим | Навремено и соодветно упатување на наставниците,запознавање со потребите и карактеристиките на учениците со ПОП | Инклузивен тим |
| Да ги процениме способностите на учениците со ПОП со цел да изработиме ИОП | Опсервација, следење, разговори | Септември Октомври | Наставници Инклузивен тим Родители | Навремено проценување на способностите на учениците со ПОП со цел да се подготви и изработи ИОП | Инклузивен тим |
| Да изградиме стратегии за учење со примена на диференциран пристап | Работилници за обука на наставниците за примена на диференциран пристап | Октомври | Инклузивен тим Наставници | Формирање на соодветни стратегии за учење кај учениците со ПОП кои ќе бидат применети на диференциран начин | Инклузивен тим Наставници |
| Да направиме ревизија на ИОП | Направен увид во реалзицација на целите од ИОП | Ноември | Инклузивен тим Наставници | Целите кои се планирани со ИОП реално да се остварени | Инклузивен тим |
| Да ги процениме ефектите на ИОП-оценување (микро сумативна описна оценка) | Примена на соодветни искази во описот на постигањата на учениците со ПОП | Декември Јануари | Инклузивен тим Наставници | Објективна проценка на напредокот во учењето на ПОП | Инклузивен тим Наставници |
| Да изработиме ИОП за II полугодие | Изработување на ИОП за II полугодие | Февруари | Инклузивен тим Наставници Родители Стручни лица | Остварување на предвидените цели со ИОП | Инклузивен тим Наставници |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Да ги следиме децата со ПОП и инструктивни работилници со наставници и родители | Следење, разговори и работилници | Континуирано | Инклузивен тим Специјализир ани лица | Напредок во учењето и реален пристап и адекватна помош од страна на родителите | Инклузивен тим Специјализир ани лица |
| Да направиме ревизија на ИОП | Направен увид во реалзицација на целите од ИОП | Мај Јуни | Инклузивен тим Наставници Родители | Целите кои се планирани со ИОП реално да се остварени | Инклузивен тим Наставници |
| Да ги процениме ефектите од севкупните работи | Евалуација на работата на инклузивниот тим | Јуни | Инклузивен тим | Дефинирање на следните чекори и активности на инклузивниот тим | Инклузивен тим |
| Организирање на отворени часови во училница во која што има ученици со ПОП | Следење на адаптацијата, климата во одделението и напредокот на учењето | Континуирано | Инклузивен тим Наставници | Размена на искуства и примена на интерактивни методи,пристапи на работа | Инклузивен тим Стручен актив на наставници |

## Акционен план на училишниот тимот за инклузија на учениците со посебни образовни потреби

| **Задача** | **Активност** | **Временска рамка (месец)** | **Носител** | **Начин на спроведување (ресурси)** | **Инструменти** | **Очекувани резултати** | **Следење, Одговорно лице** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Креирање политика за работа со ученици со посебни | Изработка на акционен план и годишна програма за работа на УИТ | VIII | УИТ | Насоки за изработка на годишна програма за работа на | / | Успешно реализирање на планираните цели | УИТ |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| образовни потреби | | | | училиштет о | | | |
| Идентификација на ученици со посебни образовни потреби, со посебен акцент на оние ученици кои се запишуваат во прво одделение | Разговори со одд. наставници и раководители Пополнување идентификациски листи, идентификување на учениците со посебни образовни потреби запишани во I одделение | IX | Одделенски наставници<br><br>УИТ | Идентифи кациски листи, дијалог, процедура за следење и изработка на ИОП, дискусија | Регистар на ученици, досие на секој ученик со ПОП | Подобра адаптација и полесен премин на учениците со ПОП од одделенска во предметна настава, континуриано следење на нивниот развој и обезбедување на континуитет во работата со нив | УИТ |
| Изготвување на индивидуален образовен план | Ревидирање на ИОП (форма, содржина...) Изготвување на ИОП-долгорочен среднорочен-дневно планирање на диференцирани цели<br><br>Изготвување на ИОП за учениците со ПОП од прво одделение | Континуира но по теми за соодветен предмет<br><br>IX-X | Наставници Стручни соработници Родители Директор | Годишна програма за соодветни одд.<br><br>Наод и мислење од соодветни институции | Формулар за ИОП | Успешна реализација на наставната програма со сите ученици | УИТ |
| Континуирана поддршка на учениците со | Консулатативни разговори на стручните | Во тек на учебната година | Стручни соработници | Консултативно советодавна работа со | Досие на ученик со ПОП | Подобрување на постигањата | УИТ |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| посебни образовни потреби | соработници со одделенските и предметните наставници, раководители и родители<br><br>Советодавно консултативна работа со учениците со ПОП, асистенција на час, индивидуална работа по потреба | | Одделенски наставници<br><br>Одделенски раководители<br><br>Предметни наставници<br><br>Родители<br><br>Ученици | наставниц и, со родители со ученици | | Вклучување во животот на паралелката, училиштето и локалната заедница<br><br>Зајакнување на родителските вештини и капацитети | |
| Соодветен одговор на учениците со ПОП | Евиденција за успехот, редовноста и однесувањето на учениците со посебни образовни потреби<br><br>Следење и процена на постигањата на учениците со ПОП и ревидирање на ИОП | Квартално<br><br>Тековно | УИТ<br><br>Стручни соработници<br><br>Одделенски наставници<br><br>Предметни наставници<br><br>Одделенски раководители | Евидентни листови за оценување | Евидентен лист за следење на учениците<br><br>ИОП | Процена на постигањата<br><br>Вклучување на овие ученици во групна работа и слободни ученички активности<br><br>Подобрување на инклузивната пракса | УИТ |
| Обезбедување поддршка од соучениците | Советодавно консултативни разговори со | Во тек на учебната година | Стручни соработници | Консултативно советодавна работа | Досие на ученик со ПОП | Подобрување на постигањата | УИТ |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | одделенските наставници и раководители со одделението, ученичката заедница, родителите | | Одделенски наставници<br><br>Предметни наставници<br><br>Одделенски раководители<br><br>Предметни наставници<br><br>Родители | Групно советување, работилници, состаноци на одделенските заедници | | Подобрување на социјализацијата на овие ученици | |
| Подобрување на социјалната и емоционалната состојба на учениците со ПОП | Разговори со учениците<br><br>Советодавни разговори со родителите на родителски и индивидуални средби<br><br>Вклучување во сите вонаставни и слободни активности | Континуирано | Стручни соработници<br><br>Одделенски наставници<br><br>Одделенски раководители<br><br>Предметни наставници<br><br>Родители | Консултативно советодавна работа, групно советување | Работилници<br><br>Стручни предавања | Развивање на самодоверба и самопочитување кај овие ученици | УИТ |
| Подобрување на инклузивната практика | Инструктивна работа со наставници, работилници, обуки | Во тек на учебната година | Педагог, психолог, наставници | Консултативно советодавна работа | / | Постигање на планираните цели во воспитн ообразовниот процес на децата со посебни образовни потреби | УИТ |

## Поврзување на еколошката програма со редовната настава

Во текот на учебната година 2019/2020 сите наставници од одделенска и предметна настава од училиштето ќе реализираат часови со интеграција на еколошката едукација применувајќи ги сите еко стандарди од еко програмата. Целта на оваа програма е подигање на свесноста кај учениците, вработените и пошироката заедница за заштитата на животната средина

## Интеграција на еколошката едукација во образовниот систем на училиштето

**Цели:** Воведување на еколошкото образование во воспитно образовниот процес
Подобрување на условите за престој и работа во училиштето
Поттикнување на учениците и вработените да размислуваат и да дејствуваат еколошки

**Задачи:** Исполнување на 7-те чекори од програмата за Еко училиште
Интеграција на еколошката едукација во сите предмети во одделенска и предметна настава
Изработка на еко проекти
Одбележување на значајни еколошки датуми од приложениот еколошки календар

### Еколошки календар

| | |
|---|---|
| 5 март | Светски ден за заштеда на енергија |
| 22 март | Светски ден за заштеда на водите |
| 7 април | Светски ден на здравјето |
| 22 април | Светски ден на планетата |
| 15 мај | Светски ден за заштита на климата |
| 31 мај | Светски ден против пушењето |
| 5 јуни | Светски ден за заштита на животната средина |
| 16 септември | Светски ден за заштита на озонската обвивка |
| 22 септември | Меѓународен ден без автомобили |
| 08 октомври | Меѓународен ден за намалување на уништувањето на природата |
| 15 октомври | Меѓународен ден на пешаците |
| 16 октомври | Меѓународен ден на храната |
| Ден на акција на еко-училиштата | |

# Интегрирано планирање во одделенска и предметна настава

## I. ЕКО СТАНДАРД: ЕНЕРГИЈА

**Цел: Намалување на потрошувачката на топлинска и електрична енергија за 15% во споредба со претходната година**

| ТОЧКИ НА АКЦИЈА | ИНДИКАТОРИ |
|---|---|
| 1. ПОСТАВУВАЊЕ ЕНЕРГЕТСКО ШТЕДЛИВИ СВЕТИЛКИ | 1.1. План за поставување на штедливи светилки (изработка на спецификација)<br>1.2. Понуда за набавка на штедливи светилки<br>1.3. Фактура и испратница за набавени штедливи светилки<br>1.4. Број на поставени штедливи светилки во зградата |
| 2. ПОСТАВУВАЊЕ НА УПАТСТВА ЗА РАЦИОНАЛНО КОРИСТЕЊЕ НА ЕЛЕКТРИЧНА И ТОПЛИНСКА ЕНЕРГИЈА | 2.1. Изработени дизајнирани упатства за рационално користење на електрична и топлинска енергија во училиштето<br>2.2. Број на поставени упатства за рационално користење на електрична и топлинска енергија |
| 3. ФОРМИРАЊЕ НА ЕКО-ПАТРОЛИ КОИ ЌЕ ГО СЛЕДАТ, НАДГЛЕДУВААТ И КОНТРОЛИРААТ ПРОЦЕСОТ НА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА ОВИЕ АКТИВНОСТИ | 3.1. Број на ученици во еко патроли<br>3.2. План на активности за еко патролите<br>3.3. Пополнети контролни листови на еко патролите<br>3.4. Број на извештаи на еко патролите |

**III. ЕКО СТАНДАРД: УРЕДЕН И ЕКОЛОШКИ ДВОР**

**Цел: еколошки и функционално уреден двор кој е безбеден и пристапен за сите**

| ТОЧКИ НА АКЦИЈА | ИНДИКАТОРИ |
|---|---|
| 1. САНИРАЊЕ ИЛИ ПОСТАВУВАЊЕ НА ЗАШТИТНА ОГРАДА | 1.1. План за санирање и одржување на постоечката заштитна ограда (поправки, фарбање и сл.) |
| 2. ПОСТАВУВАЊЕ НА ПРИСТАПНИ ПАТЕКИ ВО ДВОРОТ | 2.1. План за санирање и одржување на постоечките пристапни патеки (поправки, обележување и сл.) |
| 6. ЗАСАДУВАЊЕ НА ДРВЈА И ХОРТИКУЛТУРНО УРЕДУВАЊЕ НА ДВОРОТ | 6.1. План за одржување на хортикултурата и дрвјата во дворот (кастрење, потхранување, наводнување и сл.)<br>6.2. Понуда за набавка на нови растенија и дрвја за уредување на дворот<br>6.3. Фактура и испратница за набавени растенија и дрвја за уредување на дворот<br>6.4. Број на организирани акции за засадување на растенија и дрвја за уредување на дворот<br>6.5. Број на засадени растенија и дрвја за уредување на дворот |
| 7. РЕДОВНО ОДРЖУВАЊЕ НА ЗЕЛЕНИТЕ ПОВРШИНИ И ХОРТИКУЛТУРАТА ВО ДВОРОТ | 7.1. План со активности за редовно одржување на дворот, урбаната опрема, игралиштата, хортикултурата и пристапните патеки<br>7.2. Организирање акции за одржување на дворот, урбаната опрема, игралиштата, хортикултурата и пристапните патеки<br>7.3. Број на реализирани акции за одржување на дворот, урбаната опрема, игралиштата, хортикултурата и пристапните патеки |
| 8. ПОСТАВУВАЊЕ НА УПАТСТВА ЗА ОДРЖУВАЊЕ НА ДВОРОТ | 8.1. Изработка на дизајнирани упатства за одржување на дворот<br>8.2. Број на поставени упатства за одржување на дворот |
| 9. ФОРМИРАЊЕ НА ЕКО-ПАТРОЛИ КОИ ЌЕ ГО СЛЕДАТ, НАДГЛЕДУВААТ И КОНТРОЛИРААТ ПРОЦЕСОТ НА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА ОВИЕ АКТИВНОСТИ | 9.1. Број на ученици во еко патроли<br>9.2. План на активности за еко патролите<br>9.3. Пополнети контролни листови на еко патролите<br>9.4. Број на извештаи на еко патролите |

**IV. ЕКО СТАНДАРД: ВНАТРЕШНА СРЕДИНА**

**Цел: еколошки и функционално одржување на зградата и здрава внатрешна средина**

| ТОЧКИ НА АКЦИЈА | ИНДИКАТОРИ |
|---|---|
| 1. КОРИСТЕЊЕ НА ЕКОЛОШКИ И НЕТОКСИЧНИ ХИГИЕНСКИ СРЕДСТВА | 1.1. Број на набавени еколошки и нетоксични средства за одржување хигиена |
| 2. ПЛАН ЗА РЕДОВНО ОДРЖУВАЊЕ НА ХИГИЕНАТА ВО ЗГРАДАТА | 2.1. Изработен план за одржување на хигиената во училиштето |
| 3. ПОСТАВУВАЊЕ НА УПАТСТВА ЗА ОДРЖУВАЊЕ НА ХИГИЕНАТА ВО ЗГРАДАТА | 3.1. Изработка на дизајнирани упатства за за одржување на хигиената во зградата<br>3.2. Број на поставени упатства за одржување на хигиената во зградата |
| 4. ФОРМИРАЊЕ НА ЕКО-ПАТРОЛИ КОИ ЌЕ ГО СЛЕДАТ, НАДГЛЕДУВААТ И КОНТРОЛИРААТ ПРОЦЕСОТ НА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА ОВИЕ АКТИВНОСТИ | 4.1. Број на ученици во еко патроли<br>4.2. План на активности за еко патролите<br>4.3. Пополнети контролни листови на еко патролите<br>4.4. Број на извештаи на еко патролите |
| 5. ОСЛОБОДУВАЊЕ ОД НЕПОТРЕБНИТЕ ПРЕДМЕТИ ВО ЗГРАДАТА (СКРШЕНИ КЛУПИ, САКСИИ, ВАЗНИ, ТАБЛИ, СТАРИ И ИСУШЕНИ ЦВЕЌИЊА И СЛИЧНО | 5.1. Извештај за бројот на отстранети непотребни предмети во зградата |
| 6. БОЈАДИСУВАЊЕ НА ЅИДОВИТЕ СО ЕКО БОИ ИЛИ БОИ НАРЕЧЕНИ ИОС (ИСПАРЛИВИ ОРГАНСКИ СОЕДИНЕНИЈА) | 6.1. Документ (нарачка, испратница и слично) од кој јасно се гледа нарачката и видот на бојата |

**V. ЕКО СТАНДАРД: ОТПАД**

**Цел: Едукација за намалување на отпадот преку организирана селекција**

| ТОЧКИ НА АКЦИЈА | ИНДИКАТОРИ |
|---|---|
| 1. ПОСТАВУВАЊЕ НА КОРПИ ЗА СЕЛЕКЦИЈА НА ОТПАД | 1.1 Број на поставени корпи за селекција на отпад (хартија/пластика/стакло//тетрапак/електронски отпад итн.) |
| 2.ЕВИДЕНЦИЈА НА СОБРАНИОТ ОТПАД | 2.1. Документ/потврда за количина на собран отпад од овластена компанија за собирање на отпад (хартија/пластика/стакло/терапак итн.) |
| 3. ПОСТАВУВАЊЕ КОМПОСТЕР | 3.1. Број на одредени места за компостирање<br>3.2. Количина на собран компост<br>3.3. Број на назначени лица за одржување на компостерот |
| 4. ПОСТАВУВАЊЕ НА УПАТСТВА ЗА СЕЛЕКЦИЈА НА ОТПАД НА ВИДНО МЕСТО | 4.1. Изработка на дизајнирани упатства за селекција на отпад<br>4.2. Број на поставени упатства за селекција на отпад на видни места |
| 5. ФОРМИРАЊЕ НА ЕКО-ПАТРОЛИ КОИ ЌЕ ГО СЛЕДАТ, НАДГЛЕДУВААТ И КОНТРОЛИРААТ ПРОЦЕСОТ НА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА ОВИЕ АКТИВНОСТИ | 5.1. Број на ученици во еко патроли<br>5.2. План на активности за еко патролите<br>5.3. Пополнети контролни листови на еко патролите<br>5.4. Број на извештаи на еко патролите |
| 6. ВОСПОСТАВУВАЊЕ ПРАКСА ЗА СОБИРАЊЕ И ДОНИРАЊЕ НА ХРАНА | 6.1. Направен план за собирање и донирање на храна<br>6.2. Назначени лица за воспоставување на праксата во училиштето/градинката |

## Проекти кои се реализираат во училиштето

Во училиштето се реализираат следните проектни активности: Интеграција на еколошката едукација, Проект за меѓуетничка интеграција во образованието, Моето училиште од соништата, ПХВ проектот во соработка со ЦК, Просоцијално учење, учење со емпатија- финансиран и поддржан од ЕРАЗМУС + - програма на ЕУ, Училишта од 21 век организирано од British Council, ликовни работилници во соработка со Музеј на современа Уметност и ПОУ Иднина, Училишни сообраќајни единици.

- ***Употреба на ИКТ во наставата***

Континуираното осовременување на настава им овозможува на учениците пристап до најновите информации, податоци и им овозможува самостојно или групно истражување со цел добиените информации да им останат како трајни знаења. Информатичко компјутерската технологија во голем процент е застапена во наставата, секој наставник во своите планирања има предвидено значаен процент (најмалку 30 %) на часовите од кои: соодност кој е сосема логично да се однесува и на временската рамка за спроведување на ИКТ во наставата т.е. на секој наставник му се признава (десет) 10% подготовка во контекст на дневното планирање (изработка на тестови, анализа на истите, наставни листови, и др.), а на (дваесет) 20% од вкупниот број на часови по паралелката да бидат застапени со користење на техники базирани на ИКТ во наставата.

***Преглед на наставници во одделенска настава, дополнителна и додатна настава***

| Реден број | Име и презиме | Дополнителна | Додатна | Одд. раководство | Стручна спрема |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Ана Покупец Апостолски | / | / | 1-1 | ВСС |
| 2. | Мери Ќурчиева | / | / | 1-1 | ВСС |
| 3. | Мирјана Јанеска | / | / | 1-2 | ВС |
| 4. | Луиза Наневска | / | / | 1-2 | ВСС |
| 5. | Гордана Стефановска | 18 | 18 | 2-1 | ВСС |
| 6. | Горица Веловска | 18 | 18 | 2-1 | ВСС |
| 7. | Сања Пиперевска | 18 | 18 | 2-2 | ВСС |
| 8. | Александра Крстова | 18 | 18 | 2-2 | ВСС |
| 9. | Дијана Илиевска – Коваческа | 18 | 18 | 3-1 | ВСС |
| 10. | Катарина Лазаревска | 18 | 18 | 3-1 | ВСС |
| 11. | Даниела Крстевска | 18 | 18 | 3-2 | ВСС |
| 12. | Нина Николоска | 18 | 18 | 3-2 | ВСС |
| 13. | Виолета Ѓошева | 18 | 18 | 4-1 | ВСС |
| 14. | Анка Чоневска | 18 | 18 | 4-1 | ВСС |
| 15. | Вера Петровска | 18 | 18 | 4-2 | ВСС |
| 16. | Соња Кирковска | 18 | 18 | 4-2 | ВСС |
| 17. | Данче Гиговска | 18 | 18 | 5-1 | ВСС |
| 18. | Гордана Букревска | 18 | 18 | 5-1 | ВСС |
| 19. | Симона Пецова | 18 | 18 | 5-2 | ВСС |
| 20. | Нела Никовска Слезенкова | 18 | 18 | 5-2 | ВСС |
| 21. | Ирена Бакреска – Василевска – англиски јазик | 18 | 18 | | ВСС |
| 22. | Маја Бутлевска – англиски јазик | 18 | 18 | | ВСС |

***Преглед на наставен кадар, класни раководства и број на часови по предмети***

| Р.бр | Име презиме | Предмет | Класно раковод. | Вкупно часови | Дополнителна | Додатна | Стручна подготовка |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Ирена Пановска Тодороска | Македонски јазик | 7-1 | 20 | 36 | 36 | ВСС |
| 2 | Марија Варадинска - Алексова | Македонски јазик | 9-3 | 20 | 36 | 36 | ВСС |
| 3 | Ирена Костовска | Македонски јазик | / | 20 | 36 | 36 | ВСС |
| 5 | Елизабета Христова (Даниека Такашманова) | Англиски јазик | / | 20 | 36 | 36 | ВС |
| 6 | Кети Христовска | Германски јазик | / | 20 | 36 | 36 | ВСС |
| 7 | Војислав Гушевски | Германски јазик | / | 4 | 36 | 36 | ВСС |
| 8 | Жанета Шумкоска | Математика | / | 20 | 36 | 36 | ВСС |
| 9 | Гордана Чеперковиќ - Делева | Математика | / | 20 | 36 | 36 | ВСС |
| 10 | Ленче Зајковска | Математика, физика | 6-2 | 20 | 36 | 36 | ВСС |
| 11 | Бојана Бачоска | Хемија, биологија, унапредување на здравјето (изборен | 7-3 | 20 | 36 | 36 | ВСС |
| 12 | Андријана Грујоска | Биологија, природни науки, унапредување на здравјето (изборен) | 8-3 | 20 | 36 | 36 | ВСС |
| 13 | Весна Миливојевиќ | Географија | 6-1 | 20 | 36 | 36 | ВСС |
| 14 | Васко Лазаревски | Географија | / | 4 | 36 | 36 | ВСС |
| 15 | Ненад Наневски | Историја | / | 20 | 36 | 36 | ВСС |
| 16 | Горан Величковиќ | Информатика, програмирање (изборен), администратор | 7-2 | 20 | 36 | 36 | ВСС |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 17 | Марина Станковиќ | Ликовно образование,проекти од ликовна уметност (изборен) | 8-1 | 20 | 36 | 36 | ВСС |
| 18 | Благица Димчева | Музичко образование, хор, оркестар, изборен предмет танци и ора | 9-1 | 20 | 36 | 36 | ВСС |
| 19 | Павлинка Цонева | Физика, природни науки, иновации, вештини за живеење (изборен) | 8-2 | 20 | 36 | 36 | Магистер на науки |
| 20 | Милка Симска | Техничко образование, изборен | 9-2 | 20 | 36 | 36 | ВС |
| 21 | Валентина Лена Вељан | Физичко образование | / | 12 | | | ВСС |
| 21 | Драган Станојковски | Физичко образование ,изборен спорт | 6-3 | 20 | 36 | 36 | ВСС |
| 22 | Чедомир Пановски | Физичко образование, изборен спорт | / | 20 | 36 | 36 | ВСС |
| 23 | Маја Јакимовска | Етика на религии | / | 20 | 36 | 36 | ВСС |
| 24 | Горица Бошковска | Етика, граѓанско образование, животни вештини (изборен) | / | 20 | 36 | 36 | ВСС |

| **КЛАСНИ РАКОВОДИТЕЛИ** | **ОДДЕЛЕНИЕ И ПАРАЛЕЛКА** |
|---|---|
| Весна Миливојевиќ | VI-1 |
| Ленче Зајковска | VI-2 |
| Драган Станојковски | VI-3 |
| | |
| Ирена Пановска Тодороска | VII-1 |
| Горан Величковиќ | VII-2 |
| Бојана Бачоска | VII-3 |
| | |
| Марина Станковиќ | VIII-1 |
| Павлинка Георгиева | VIII-2 |
| Андријана Грујоска | VIII-3 |
| | |
| Благица Димчева | IX-1 |
| Милка Симска | IX-2 |
| Марија Варадинска - Алексова | IX-3 |

## 10. Оценување

***Видови оценување и календар на оценување***

Учениците се оценуваат според стандардите за оценување дадени од БРО и МОН. Учениците се оценуваат описно и нумерички според три развојни периоди: учениците од I до III одделение се оценуваат описно, учениците од IV до VI одделение се оценуваат описно и нумерички и учениците од VII до IX одделение се оценуваат нумерички. Поради оптовареноста на учениците со писмено оценување, училиштето оваа учебна година ќе изготви план за писмено оценување во кој при планирањето ќе се води сметка дневно да се реализира најмногу едно, а седмично најмногу 2 писмени работи. Секој наставник води досие за ученици и професионално досие на наставник. Досието за ученици содржи ученички изработки со цел перманентно следење на учениците и формирање објективна оценка. Професионалното досие на наставникот содржи дел од изработките на учениците, планирањата и превземените активности за реализација на редовната настава и вонаставните активности.

***Тимот за следење, анализа и поддршка на оценувањето*** е составен од директор, помошник директор, психолог и педагог и претседатели на стручните активи. Тимот ја следи и проверува усогласеноста на оценувањето со предвидените стандарди, изготвува процедура за поплаки и жалби по добиени оцени на ученици. Имплементирањето на стандардите за оценување ќе се стимулира преку реализирање активности од програмите на стручните активи и континуирано следење на новитетите од БРО. Формативното и сумативното оценување се планираат и реализираат во текот на наставата преку редовно следење и вреднување на постигањата на учениците, прибирање показатели за нивните активности, ангажирање на учениците, посветеност во работата како и тимската работа.

| Вид | Извршители | Контрола |
|---|---|---|
| Главна книга | Наставници | Директор |
| Дневник на паралелката I-III | Наставници | Директор |
| Дневник на паралелката IV-IX | Наставници | Директор |
| Евидентен лист за постигнувањата на учениците | Наставници | Директор |
| Ученичка легитимација | Наставници | Директор |
| Свидетелства | Наставници | Директор |
| Преведница | Наставници | Директор |

# Програма за увид во педагошка документација

| Планирана програмска активност | Време на реализација | Реализатор | Методи и постапки за реализација | Очекувани исходи и ефекти |
|---|---|---|---|---|
| План за писмено оценување | Септември | Наставници и стручна служба | Документ | Намалена оптеретеност на учениците при реализацијата на писмените работи |
| Процедура за поплаки и жалби за добиени оцени | Септември, октомври | Наставници и стручна служба | Документ | Транспарентност при оценувањето |
| Планирање на тестови и писмени работи | Септември | Наставници и стручна служба | Дискусија, договор | Успешна реализација на писмени проверки на постигањата на учениците; повисок успех на учениците |
| Составување на објективни тест прашања; изготвување бодовна скала; формирање оцена | Октомври | Одговорни наставници | Презентација, работилница, дискусија | Правилно поставување на објективни тест прашања и соодветно бодирање и оценување |
| Анализа на применетите објективни тестови | Септември-Јуни | Одговорни наставници | Презентација, дискусија | Поуспешна изработка и примена на објективни тестови |
| Насоки за доставување на примероци од оценување во наставничките портфолија | Септември-Јуни | Педагогот на училиштето | Дискусија, договор | Успешна изработка на наставнички портфолија |
| Анализа на полугодишниот успех на учениците | Јануари, Февруари | Директор на училиште, стручна служба и наставници | Обработка на податоци | Следење на постигањата на учениците и превземање мерки за подобрување |
| Вреднување на ученици со потешкотии во учењето | Септември-Јуни | Стручна служба и наставници | Презентација и дискусија | Поголема мотивираност и повисок успех на ученици со потешкотии во учењето |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Анализа на применетите објективни тестови | Мај | Наставничкиот совет, директор, стручна служба | Презентација и дискусија | Поуспешна изработна на објективни тестови |
| Анализа на годишниот успех на учениците | Јуни | Наставнички совет, директор, стручна служба | Обработка на податоци | Следење на постигањата на учениците и превземање мерки за подобрување |

# Програма за посета на часови

| **Активности** | **Носители на активности** | **Ресурси** | **Инструменти** | **Временска рамка** | **Очекувани резултати** |
|---|---|---|---|---|---|
| Креирање на политика за подршка на планирањето за посета на часови | -директор<br>-стручни соработници<br>-наставници | -Анализа на состојбата<br>-Распоред на часови -Стручни материјали<br>-Извештај од посетени часови | - Прашалник за наставниците | Септември | - Увид во реализација на наставата |
| Следење на реализацијата на наставата преку посета на часови | -директор<br>-стручни соработници | -Следење на планирањата на наставниците<br>-Дневна подготовка на наставниците | -Инструмент за евалуација на часот | Во текот на годината | -Подобар квалитет при реализација на часовите<br>-Користење современи приоди во наставата |
| Евалуација | -директор<br>-стручни соработници<br>-наставници | -Програми и подготовки на наставниците | - Прашалник за наставниците<br>-Обработка на податоците од увид на часовите<br>– пополнети инструменти | Јуни | -Зголеменост на ефикасноста на наставата |

## Самоевалуација на училиштето

| Планирана програмска активност | Време на реализација | Реализатор | Методи и постапки за реализација | Очекувани исходи и ефекти |
|---|---|---|---|---|
| Формирање комисија за спроведување на самоевалуација | Август | Директор<br>Училишен одбор | Анализа и дискусија | Формирана комисија |
| Формирање на тимови | Август | Директор | Анализа и дискусија | Успешно спроведена самоевалуација |
| Определување на соодветни методи, техники и инструменти за вршење на самоевалуацијата | Септември | Координаторите на тимот и -тимот за самоевалуација | Користење на соодветни методи, техники и инструменти за вршење на самоевалуација-та | Добивање на валидни показатели за работењето на училиштето |
| Прибирање и анализа од сите седум области | Септември | Тимовите од сите седум области | Анкети, разговор, разменување мислења | Согледување на состојбите |
| Изготвување на извештај за извршената самоевалуација | Октомври | Училишна комисија за спроведената самоевалуација | Предлог мерки | Согледување на состојбите |
| Усвојување на самоевалуацијата | Ноември | Наставнички совет<br>Училишен одбор | Анализа и дискусија | Надминување на слабите страни |

## 11. Вон-наставни активности

Вonнаставните активности претставуваат интегрално и мошне значајно подрачје во севкупната воспитно-образовна дејност на училиштето. Затоа во овој дел на Годишната програма се содржани основите за организирање и програмирање на:

Ученичките натпревари
Секции и слободни ученички активности
Ученичките екскурзии

– ***Ученички натпревари***

Најдобрите ученици земаат учество на регионални, општински, градски и републички натпревари покажувајќи ги своите квалитети. Нашите ученици учествуваат на сите натпревари по сите предмети организирани од акредитирани здруженија. Училиштето дава поддршка на натпреварувачите со менторска подготовка. По сите наставни предмети се реализираат училишни натпревари во текот на првото полугодие, а учениците кои што постигнале најдобри резултати на училишните натпревари, учествуваат на регионални, општински, градски и републички натпревари.

## Програма за ученички натпревари

**ПЛАН**

- Планирано реализирање на училишни натпревари по наставни предмети од IV до IX одд.
- Истакнување на планот на огласна табла според кој ќе се реализираат и спроведуваат училишните натпревари
- Планирани активности во додатната настава со која учениците ги продлабочуваат своите знаења и вештини и се стекнуваат со пошироки сознанија
- Навремено информирање за одржување на училишните натпревари непосредно пред нивно спроведување
- Спроведување на натпреварите
- Истакнување на резултатите
- Активности за подготовка на натпревари од повисок ранг

**ПРОПОЗИЦИИ**

- Ученикот има право да се пријави најмногу на три училишни натпревари, односно само на три наставни предмети
- Ученикот во согласност со одговорните наставници се договара на кој натпревар од повисок ранг ќе земе учество

- Наставникот- ментор да му овозможи на ученикот дополнителни активности и материјали со кои ќе го збогати неговото знаење во соодветната дисциплина

**НАЧИН НА ИНФОРМИРАЊЕ**

- Навремено истакнат план на огласна табла според кој ќе се реализираат и спроведуваат училишните натпревари
- Два дена пред одржувањето на натпреварот да се прочита соопштение на учениците
- Навремено истакнување на резултатите (7 дена по одржаниот натпревар)
- Усна информација за резултатите пред сите учесници во натпреварот
- Ранг листа да се предаде на одговорниот наставник
- Да се состави записник од реализираниот училишен натпревар

**СПРОВЕДУВАЊЕ**

- Да се изготви список кои ученици ќе учествуваат на натпреварот
- Да се избере комисија од соодветни предметни - одделенски наставници
- Комисијата да изготви тест за спроведување на училишниот натпревар
- Два дена пред одржувањето на натпреварот да се прочита соопштение на учениците
- Присуство на комисијата на самиот натпревар

**АКТИВНОСТИ ЗА ПОДГОТОВКА НА УЧЕНИЦИТЕ ЗА НИВНО УЧЕСТВО НА ОПШТИНСКИ, РЕПУБЛИЧКИ ИЛИ ДРЖАВНИ НАТПРЕВАРИ**

- Наставникот - ментор да му овозможи на ученикот дополнителни активности и материјали со кои ќе го збогати неговото знаење во соодветната дисциплина и редовно да биде на располагање за појаснување на одредени нејаснотиии на ученикот
- Секој наставник по соодветниот наставен предмет отвара папка во која се забележуваат подготвителните активности
- Навремено соопштување и договор околу учеството на другите натпревари од повисок ранг

**ПРОТОКОЛ ЗА УЧЕНИЧКИ НАТПРЕВАРИ**

Место на одржување на ученички натпревари: Слободна училница

- На натпреварот се пријавуваат ученици по сопствен избор, исто така одделенските – предметните наставници може да извршат избор на ученици кои ќе учествуваат во натпревари

- На планот кој ќе се приложи да се вметнат време на реализација (датумите на одржување) на натпреварите да се внимава да нема совпаѓање на датуми во ист ден

- Два дена пред одржувањето на натпреварот да се прочита соопштение на учениците по кој предмет ќе се организира натпреварот, кое одделение, часот на одржување и местото на одржување

- Комисијата за натпревари ќе биде составена од одделенските и предметните наставници

- Учениците имаат право да се пријават најмногу на три училишни натпревари, односно само по три наставни предмети

- Учениците кои ќе освојат 1, 2, 3 место да бидат на соодветен начин наградени (задолжително пофалница), наградите да бидат унифицирани за сите ученици

- Одделенскиот наставник кој бил во комисијата, а кои се горенаведени треба да изготват:

Список на учениците кои учествувале во натпревар (три списоци), едниот список да биде вметнат во папката за соопштенија, вториот да се истакне на огласна табла (истите да бидат рангирани според бројот на освоени поени и освоено место) и третиот список да се достави до педагошко-психолошката служба

- На одделенските часови учениците да бидат запознаени со протоколот и планот за училишните натпревари.

– ***Секции и слободни ученички активности***

Учениците се организирани во секции со цел да ги покажат своите квалитети и вештини по одделни предмети. Секциите се одржуваат еднаш неделно, според распоредот што е утврден на ниво на училиштето. За учество во работата на секциите учениците се определуваат со пополнување на анкетни листи кои се задаваат во почеток на учебната година.

Според карактерот и содржината на работа, слободните ученички активности се застапени како:

- Слободни активности за проширување и продлабочување на знаењата и способностите на учениците
- Културно-уметнички активности
- Слободни технички активности
- Спортски активности

Преку слободните ученички активности се постигнуваат значајни воспитно-образовни резултати. Задачите на слободните ученички активности се:

- Да се поттикнува и негува детската љубопитност, сознајните способности и креативноста на учениците
- Учениците да се воведуваат во задачи кои бараат поголема самостојност во нивното извршување
- Да се негува доследност и истрајност во извршување на ученичките обврски
- Да се создаваат навики кај учениците за правилно и рационално користење на слободното време
- Слободни ученички активности се реализираат на наставни часови предвидени со распоредот на часови.

Во прилог  е даден преглед на секции и одговорни наставници во нашето училиште:

| Слободна ученичка активност | Одделение | Слободна ученичка активност | Одговорен наставник |
|---|---|---|---|
| Музичка секција | II-1 | Германска секција | Кети Христова |
| Спортска секција | II-2 | Музичка секција | Благица Димчевска |
| Драмска секција | II-3 | Млади математичари | Жанета Шумковска<br>Ленче Зајковска<br>Гордана Делева |
| Спортска секција | III-1 | Млади физичари | Ленче Зајковска |
| Музичка секција | III-2 | Драмска секција | Ирена Пановска<br>Марија Варадинска |
| Ликовна секција | IV | Ликовна секција | Марина Станковиќ |
| Ликовно-литературна секција | V | Сообраќај | Милка Симска |
| / | / | Еколошки клуб | Андријана Грујоска |
| / | / | Училишен спортски клуб | Драган Станојковиќ<br>Чедомир Паневски |

**Имплементација на вон-наставни активности во соработка со ЈУ Детски Културен Центар - Карпош**

| Име на активност | Цел на активноста | Месец на реализација |
|---|---|---|
| Оро без граници – симбол на пријателство меѓу децата | Прифаќање на деца од странство (домаќини и учење за друга култура) | Септември |
| Ученичка квизотека | Систематизирање и продлабочување на знаењата од повеќе области | Октомври |
| Првенство во шах | Развивање на логика и логичко размислување | Октомври |
| Снежен град | Развивање на креативно – творечки способности (изработка на скулптури од снег) | Јануари - Февруари |
| Креативно менторство | Запознавање со креативни индустрии преку предавања и работилници | Февруари - Мај |
| Развиваме и градиме млади таленти | Откривање, негување и градење на млади таленти во одредена област од културата и културното наследство - работилници | Февруари - Мај |
| Фото конкурс | Продлабочување на знаењето од фотографија | Март - Мај |
| Априлијада | Забавно - рекреативен карактер | Април |
| Ролеријада | Развивање на здрави навики и спортување | Април - Мај |
| Ликовен конкурс | Продлабочување на знаењата од ликовното образование | Во текот на годината |

- ***Ученички екскурзии***

Училишните екскурзии на учениците им овозможуваат проширување на знаењата, откривање и истражување на културно- историските локалитети, стопанските објекти, природните реткости и убавините на својата татковина. Македонија е земја која е богата со природни убавини и културно-историски споменици. Учениците имаат можност да ја запознаваат преку редовната настава и воннаставните активности кои се реализираат во училиштето, неговата околина и поширокото опкружување, а со реализацијата на ученичките екскурзии да ја доживеат нејзината убавина.

| Планирана програмска активност | Време на реализација | Реализатор | Целна група | Ресурси | Очекувани исходи и ефекти |
|---|---|---|---|---|---|
| Планирање на ученичките екскурзии | Септември | Одговорни наставници | Наставници и ученици | Изготвување план и распоред | Успешно планирање на ученичките екскурзии |
| Разгледување и усвојување на Советот на родители | Септември | Одговорни наставници | Родители | Изготвена програма | Заедничко планирање на екскурзиите |
| Разгледување и усвојување на програмата од УО | Септември | Одговорни наставници | Членови на УО | Изготвена програма | Информирање на УО и усвојување на програмата |
| Доставување на програмата до БРО | Септември | Училиштето | БРО | Изготвена програма | Согласност за реализација на програмата |
| Реализација на ученичките екскурзии | Во текот на второто полугодие | Одговорни наставници | Ученици | Изготвена програма | Успешна реализација |
| Изготвување на извештај за реализираните ученички екскурзии | Јуни 2020 година | Одговорни наставници | Годишен извештај | Реализираните екскурзии | Информирање на Општината |

## 12. Поддршка на ученици

- ***Постигнување на учениците***

Средниот училишен успех кој учениците го постигнаа на крај од учебната 2018/2019 година изнесува 4,67. Средниот училишен успехот е статистички повисок во однос на успехот од учебната 2017/2018 година.

Споредбените анализи за изостаноци во проценти ги покажуваат следниве резултати: кај оправданите изостаноци процентот изнесува 97% за учебната 2018/2019 година и е во опаѓање во однос на процентот од учебната 2017/2018 година. Кај неоправданите изостаноци процентот изнесува 3% за учебната 2018/2019 година и истиот е во пораст во однос на процентот од учебната 2017/2018 година.

Анализите на работењето на училиштето укажаа на потреба од примена на активна настава, примена на Правилникот за педагошки мерки како начини за подобрување на редовноста на учениците.

Во учебната 2019/2020 година Стручните активи во согласност со својата програма за работа, планираат реализација на нагледни часови со посебен акцент на:

1. Осовременување на наставата преку подобрување на инклузија на учениците и унапредување на професионалните компетенции на наставниците
2. Унапредување на работата со деца со посебни потреби (талентирани и деца со пречки во развојот)
3. Меѓуетничка интеграција и унапредување на меѓуетничка соработка меѓу учениците, родителите и наставниците од различни етнички групи
4. Воведување на иновации во наставата
5. Еколошка едукација на учениците за подобрување на состојбата на животната средина

- ***Превентивни програми***

За намалување на појавата на малолетничко претстапништво, деликвенција и асоцијално однесување, се планираат работилници за превенција од насилство, болести на зависност, асоцијално однесување. Во текот на учебната 2019/2020 година, исто така се планираат активности - едукативни работилници со родителите, учениците и наставниците за следење на можните видови насилство, болести на зависности и асоцијално однесување за подобрување на социо-емоционалната состојба на учениците, намалување на насилството и појавата на болести од зависности во училиштето и надвор од него и заеднички посети на установи.

# Програма за намалување на насилството во училиштето

| Превентивни активности | Време на реализација | Извршители |
|---|---|---|
| Формирање на училишниот Тим за превенција од насилство | Август | Директор<br>Наставнички совет |
| **На Наставнички совет**<br>– Запознавање со политиката за намалување на насилството и со задолженијата на наставниците | Август | Тимот за превенција од насилство |
| **Совет на родители**<br>– Запознавање со политиката за намалување на насилството, информирање за активностите на училиштето во оваа област. | Септември - Октомври | Тимот за превенција од насилство |
| **Родителски состаноци**<br>-Запознавање со политиката за намалување на насилството, информирање за активностите на училиштето во оваа област, запознавање со правилата на однесување во училиштето | Септември - Октомври | Одделенските раководители<br>Претставникот од Советот на родители |
| **Стручно усовршување на наставниците**<br>- Што е насилство?<br>- Како да се постапува во случај на насилство меѓу учениците | Октомври - Ноември | Тимот за заштита учениците од насилство |
| **Родителски состаноци**<br>- Што е насилство | Тековно | Тимот за заштита учениците од насилство |
| **Часови на одделенската заедница**<br>- Изработка на правила на однесување во паралелката | Септември | Одделенски раководители |
| **Часови на одделенската заедница**<br>- Реализација на содржини од прирачникот за Животни вештини поврзани со правата на детето | Тековно | Одделенски раководители |
| **Интервентни мерки на Тим за превенција на насилството**<br>-Превземање на мерки и активности за моментално запирање на насилството | Тековно – по потреба | Одделенските раководители<br>Тимот за заштита учениците од насилство Релевантни институции (здравствени, полиција, центри за социјална работа) |

| | | |
|---|---|---|
| Стручни предавања од страна на релевантни институции | Тековно | Тимот за заштита учениците од насилство, релевантни институции (здравствени, полиција, центри за социјална работа) |

**Задачи на Тимот за превенција на насилството се:**

- Изработка на училишна политика за намалување на насилството;
- Информирање на учениците, вработените и родителите за училишна политика за намалување на насилството и можности за барање поддршка и помош од Тимот за превенција;
- Учество во обуки и проекти за развивање на компетенции потребни за превенција на насилство;
- Предлагање на мерки за превенција и заштита, организирање на консултации и учество во проценката на ризик и донесување одлуки за постапки во случај на сомневање или случување на насилство;
- Вклучување на родителите во превентивните и интервентните мерки и активности;
- Следење и проценка на ефектите од преземените мерки за заштита на учениците;
- Соработка со стручни лица и институции заради посеопфатна заштита на учениците од насилство;
- Водење и чување соодветна документација;
- Известување на стручните тела и органи во училиштето.

**Потребата и целта на воспоставување училишна политика**

ООУ „Свети Кирил и Методиј“– Центар, Скопје се залага училишната заедница да биде заедница каде сите ќе се чувствуваат добредојдени, безбедни и среќни, ќе можат да учат и да се развиваат. Насилството се одразува на овие наши заложби. Насилството прави да не се чувствуваме безбедно и среќно. Нашето училиште сериозно го третира проблемот на насилството. Сите вклучени во училишната заедница имаат одговорност да ја имплементираат оваа политика.

**Цели на политиката:**

• Да се развива ненасилна етика во училиштето
• Да се гарантира дека сите вработени, ученици и родители/старатели знаат што е насилно однесување
• Да се развиваат активности кои ќе го спречуваат насилното однесување
• Да се намали насилното однесување во училиштето

**Дефинирање на насилството – кои однесувања се опфатени со политиката?**

Насилството е употреба на сила и моќ и предизвикува повреда и штета. Насилното однесување може да се случува во различни релации: возрасен – дете, дете – дете, возрасен – возрасен. Насилство се психички и физички пресметки, психо-физичко казнување, малтретирање, сексуално вознемирување.

**Прекинување, запирање на насилството е обврска на сите кои имаат било какви сознанија или сомнеж дека се случува насилство.**

Вработените имаат обврска да го запрат насилството и/или да ги известат надлежните во училиштето

- Некои ситуации на психо-физичко насилство бараат итно и истовремено реагирање, згрижување на учесниците, известување на родителите и неодложно вклучување на релевантни институции (здравствени, полиција, центри за социјална работа)

- Емоционалното или социјалното насилство исто така треба да се запре што побрзо. На ученикот кој трпи вакво насилство треба да му се пружи разбирање, доверба и сигурност

- Доколку постои сомневање за било каков облик на семејно насилство, наставникот го известува Тимот кој понатаму превзема чекори во консултација со Центарот за социјална работа.

Смирување на ситуацијата (подразбира обезбедување на сигурност за ученикот, разговор со учесниците и набљудувачите). Доколку се случува физичко или силно вербално насилство во првиот момент најважно е:

- учесниците во насилството после раздвојувањето треба да се смират

- да се обезбеди соодветен простор и време за разговор

- да се побара помош од колега, стручната служба или Тимот доколку е потребно

- да им се објасни на учесниците дека целта е да се разреши конфликтот и дека двете страни ќе имаат прилика да кажат што се случило

- да се договори со учесниците да се сослушуваат без да се прекинуваат, да не се навредуваат себе си, да бидат искрени

- важно е да се делува синхронизирано, разговорот со учесниците за истата ситуација да не се одвива повеќепати од различни лица, туку во рамките на внатрешната заштитна мрежа да се обезбеди проток на информации важни за ефикасно реагирање.

**Известување на родителите и превземање на итни акции** (по потреба прва помош, лекарска помош, полиција, центар за социјална работа…) веднаш штом ќе се запре насилството.

**Консултации** во училиштето за проценка на ризикот и изработа на план за заштита на сите учесници. Во консултациите се вклучуваат одделенскиот раководител, дежурниот наставник, стручната служба, тимот за заштита, директорот, заедницата на ученици.

Во оваа фаза Тимот го проценува степенот на ризик и одлучува на кој начин ќе го решава случајот, дали самостојно или со вклучување на релевантна институција. Важно е да се води сметка за доверливоста на податоците, заштитата на приватноста и ставање на интересот на детето над интересот на родителите и училиштето. Податоците до кои ќе се дојде се доверливи и може да се дадат на располагање само на службени лица ангажирани за постапките за заштита на ученикот од насилство.

Активностите треба истовремено да бидат насочени и кон ученикот кој покажува насилно однесување и кон учениците кои се пасивни набљудувачи.

**Мерки и активности** се превземаат за сите нивоа на насилство и занемарување. План за заштита се прави за конкретната ситуација од второто и третото ниво за сите учесници во насилството. Планот за заштита содржи активности насочени кон промена на однесувањето – зголемена воспитна работа, работа со родителите, работа со одделенската заедница, вклучување на заедницата на ученици и советот на родители, а по потреба и Училишниот одбор; носителите на активностите, временската динамика, начините за вклучување на сите учесници во насилството во заедницата.

Доколку е неопходна комуникација со медиумите, одговорен е директорот.

**Ефектите од преземените мерки и активности** ги следат одделенскиот раководител, Тимот за заштита, стручната служба заради проверка на успешноста од преземените заштитни мерки и вреднување на постапките и процедурите кои се применети во однос на сите учесници во насилството и понатамошното планирање на заштитата.

**Документација, анализа, известување**

Секој акт на насилство мора да се евидентира согласно договорениот начин на евидентирање во Училиштето. Евиденцијата за случаите на насилство ја води одделенскиот раководител (раководителот на паралелката), а Тимот доколку се вклучи во интервенцијата.

Во **обрасците** се запишува: што се случило, кои се учесниците, како е пријавено насилството, какви се последиците, што се презело, на кој начин се вклучени родителите, одделенскиот раководител, стручната служба, други стручни лица, како и начинот на кој ќе се следи ситуацијата. Сите службени белешки во врска со насилството ги води, чува и анализираат стручната служба. Тимот за заштита поднесува извештај два пати годишно, а Директорот ги известува Советот на родители и Училишниот одбор. Извештајот за реализацијата на програмата за заштита на учениците од насилство, злоупотреба и занемарување е составен дел од полугодишниот и годишниот извештај за работата на Училиштето.

**СУГЕСТИИ ЗА РАЗГОВОР СО УЧЕНИЦИТЕ:**

- Трпеливо и внимателно слушајте ги учесниците, вклучувајќи ги и набљудувачите
- Вниманието насочете го кон конкретната постапка и однесување
- Без судење, намалување или зголемување на значењето, согледајте ја ситуацијата
- Внимателно слушајте што ви кажуваат учениците, не само оние кои трпат насилство, туку и оние кои се набљудувачи
- Не интерпретирајте, не менувајте, не толкувајте!!!
- Користете речник кој учениците го користат кога зборуваат за насилство, злоупотреба и занемарување
- Не подразбирајте, не претпоставувајте, прашувајте, а не да тврдите
- Проверете дали точно, веродостојно сте разбрале што ви кажува ученикот
- Разговарајте смирено, не реагирајте со шок, неверување
- Покажете дека верувате во тоа што го кажува ученикот за да го охрабрите да ви каже што повеќе
- Не ветувајте дека веднаш се ќе биде во ред, тоа не е реално
- Кажете што планирате да направите - Кажете дека ќе направите се што можете да помогнете
- Не ја префрлајте одговорноста за реагирање на друг, секој има обврска да помогне она што е во негова надлежност.

**Последици од насилното однесување се:**

• Физички – модринки, грбнатини, посекотини, оштетени алишта и сл.

• Емоционални – повлеченост, незадоволство, одбивање да оди во училиште, одбивање да зборува за проблеми, немир, агресивност

• Здравствени- губење на апетитот, болки во стомакот, главоболки, ноќно мокрење

• Образовни: проблеми со концентрација, отсуствување од школо.

**Политиката за намалување на насилството** во ООУ „Свети Кирил и Методиј“– Центар, Скопје, се однесува на превентивни-интервентни активности.

### *-Безбедност во училиштето*

Еден од приоритетите во нашето училиште е да обезбедиме колку што е можно поголема заштита и безбедност на учениците и на вработените. Постојат пропишани мерки за безбедност на учениците кои се однесуваат на безбедноста во самата училишна зграда, како и безбедноста во училишниот двор, за време на одморите. Редовно се одвиваат дежурства на учениците и наставниците, според однапред направен распоред, а најголема обврска околу безбедноста има лицето за обезбедување кое е вработено преку агенцијата за обезбедување. Учениците од одделенска настава се згрижени и по завршувањето на часовите од страна на дежурниот наставник, се додека не ги земат родителите, а за тоа се води редовна евиденција. Училиштето има изработено *План за заштита и спасување* кој предвидува заштита на учениците и вработените во училиштето од елементарни непогоди. Во училишната зграда е истакнат план за евакуација со обележан правец на движење во случај на елементарни непогоди.

### *-Позитивна социо емоционална-клима*

За да се обезбеди почитување на личноста на ученикот, развивање на меѓусебна доверба, еднаквост и достапност на информации за сите, планирана е програма за работа со ранлива група на ученици кои се претходно детектирани од одделенскиот раководител и стручната служба, а во соработка со родителите. Во оваа група спаѓаат ученици кои покажуваат негативни промени во однесувањето (асоцијално, антисоцијално однесување, емоционални проблеми, отсуство од настава, намалување на успехот). Стручната служба во училиштето (вклучително и општинските дефектолози) планираат реализација на работилници и индивидуални разговори со учениците и со родителите на ранливата група на ученици. За подобрување на социо-емоционалната клима, исто така се планираат реализација на интерни обуки во соработка со БРО, Центарот за социјална работа и високообразовните институции за поддршка на наставниците при планирање и реализација на горенаведените содржини.

## 13. Грижа за здравјето

- ***Хигиена во училиштето***

Секоја учебна година па така и оваа во текот на годината училиштето врши дератизација, дезинфекција и дезинсекција на училишните простории . Исто така се врши и целосно проветрување, чистење на училиштето, училниците и инвентарот од страна на вработените во училиштето. Хигиената во училиштето ја одржуваат 7 хигиеничари.

Училиштето преку советодавна работа, училишни акции, предавања, работилници и слично во текот на учебната година ја поттикнува свеста кај учениците за одржување на хигиената. Дежурните наставници за време на одморите, а сите други за време на часовите се грижат и интервенираат во однос на хигиената во училиштето и училишниот двор.

Училишната Програма за грижа на здравјето на учениците опфаќа реализација на програма за вакцинација на учениците, систематски прегледи и прегледи на забите, предавања, работилници за унапредување на здравјето, грижа за личната хигиена и одржување на хигиената во училиштето, едукација за здрава исхрана, превенција од зависности, борба против ХИВ/СИДА и СПИ.

- ***Систематски прегледи***

- Со систематски прегледи ќе бидат опфатени учениците од I, III, V и VII одделение, а со стоматолошките систематски преглади се опфатени сите ученици. Истите се реализираат во училиштата во присуство на одделенскиот раководител или раководителот на паралелката.
- При запишувањето на децата во прво одделение задолжително се бара и потврда за редовни стоматолошки прегледи за детето како услов за запишување.
- Училиштето задолжително ги праќа сите вработени еднаш во годината на систематски преглед и бактериолошки испитување

- ***Вакцинирање***

- Со календарот за имунизација и вакцинација опфатени се учениците на 6 – 7 години и на 12 –13 години. При вакцинирањето на малите ученици задолжително е присуство на нивните родители, а за поголемите присуство на одделенскиот раководител.
- При запишувањето на децата во прво одделение задолжително се бара и потврда за примени вакцини за детето како услов за запишување.

- ***Едукација за хигиена и здрава исхрана***

Едукативни предавања за одржување на хигиената при користење на тоалет и пред и после јадење. Свеста за важноста од здравата исхрана како важен фактор за здравјето на учениците се поттикнува преку предавања кои ги организира училиштето, работилници и индивидуални совети за учениците.

## Програма за грижа на здравјето

| Планирана програмска активност | Цел на активноста | Реализатор | Време на реализација | Очекувани исходи и ефекти |
|---|---|---|---|---|
| Осигурување на учениците | Превенција за обештетување од повреди | Училиште | Септември | Надомест за евентуални повреди |
| Исхрана во училиштето квалитет на достапна храна | Обезбедување на квалитетна и здрава храна за учениците | Училиште | Септември | Квалитетна и здрава храна за учениците во училиштето |
| Вакцини | Да се обезбеди заштита и превенција | Здравствена установа | Во текот на годината | Заштита и превенција |
| Систематски прегледи | Преземање мерки за заштита и превенција; навремено откривање на евентуални болести | Здравствена установа | Во текот на годината | Заштита на здравјето и навремено лечење од евентуални заболувања |
| Едукација на учениците на тема Здрава храна за добро здравје-Животни вештини | Формирање здрави навики за исхрана на учениците | Одговорни наставници | Ноември | Подигање на јавна свест |
| Предавање на тема – Заразни болести | Мерки за заштита и превенција од заразни болести | Стручно лице | Декември | Мерки за заштита и превенција од заразни болести |
| Одржување на хигиената во домот и училиштето | Подобрување на хигиената во домот и училиштето | Наставници од одделенска и предметна настава | Феуруари | Подобрување на хигиената во домот и училиштето |
| Залевање на заби | Заштита и превенција на забите | Амбуланта | Март | Заштита и превенција на забите |
| Одбележување на 7 април- Светскиот ден на здравјето | Негување и чување на здравјето на учениците | Наставници од одделенска и предметна настава | Април | Негување и чување на здравјето на учениците |
| Грижа за учениците со здравствени проблеми-хронично болни | Да им се помогне на учениците со здравствени проблеми | Наставници од одделенска и предметна настава | Мај | Едуцирани ученици за заштита од сезонски заболувања |
| Животни вештини - Употреба на | Едукација за превенција од ХИВ/СИДА/СПИ | Наставници од предметна | Јуни | Подигање на јавна свест |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| кондоми,кондоми без предрасуди | | настава – IX одделение | | |
| Поддршка и превенирање на учениците од зависности | Заштита и превенција | Педагог и психолог | Во текот на годината | Едукација на учениците |

## 14. Училишна клима и односи во училиштето

Почитувањето и единството на сите вработени во целокупниот живот и работата на училиштето е на високо ниво. Позитивниот и професионален однос меѓу вработените и учениците е причина за поширока промоција на училиштето со активностите што се реализираат во него и надвор од него. Ученикот претставува најважниот субјект во училиштето, со свои права но и свои обврски, задачи и должности кои максимално треба да ги почитува и исполнува, развивајќи ги сите позитивни страни на својата линост и идентитет.

### *Дисциплина*

Со цел подобрување и одржување на дисциплината во училиштето (на учениците и вработените) се изготвува план според кој се определуваат одговорни – дежурни наставници и дежурни ученици во училишниот ходник и училишниот двор во текот на работниот ден. Дежурниот наставник е задолжен да води писмена евиденција за тековни случувања за време на часови и одмори. Се определуваат дежурни ученици кои исто така треба да водат писмена евиденција за тековните случувања во училишниот ходник и да ги евидентираат сите субјекти кои ќе го посетат училиштето. Дежурните ученици се одговорни за навремено ѕвонење помеѓу часовите за редот, дисциплината, хигиената и обезбедување на непречена реализација на наставата.

### *Естетско и функционално уредување на просторот во училиштето*

Учениците треба да имаат максимално одговорен однос кон условите во  кои работи училиштето, кон инвентарот, средствата и наставните материјали. Вработените и учениците имаат развиено одговорен однос кон уредувањето и одржувањето на просторот и опкружувањето на училиштето, заеднички се грижат за уредување на паноата во училниците, одржување на катчињата со ученички изработки во училишниот ходник, тековно одржување на хигиената во училишниот двор и чување на училишниот инвентар. Во текот на учебната 2019/2020 година, со реализација на Проектот за меѓутеничка интеграција во образованието училиштето ќе посвети внимание на уредување на ходници и заеднички простории во училиштата со балансиран приод водејќи сметка за мултикултурализмот во училиштето.

*Етички кодекси*

Изложените вредности и норми на Етичкиот кодекс се задолжителни за сите вработени, ученици и родители во ООУ "Свети Кирил и Методиј" . Со овој кодекс сите се обврзуваат, со својата чест, дека ќе се придржуваат кон овие определби и норми како составен дел од својата професионална работа. Односите во училиштето се градат врз основа на достоинството и самодостоинството. Сите меѓусебно се почитуваат. Никој не навредува и не повредува друг.

Во училиштето нема место за насилство, притисок и поткуп. Не е дозволена корупција, морално и сексуално злоставување. Туѓи ни се невоспитаноста, непристојноста и секој вид неморално и нечесно однесување - воопшто однесување кое е спротивно на граѓанските и етички и морални вредности.

# План за поддршка на ученици кои подолго отсуствуваат од настава

| Конкретна цел | Активности | Вклучени субјекти | Инструменти | Временска рамка | Очекувани резултати |
|---|---|---|---|---|---|
| Информирање за причините за отсуство | -разговор со родителите од овие ученици<br>-консултации,извештаи и мислења од здравствени и др. установи | -стручни соработници<br>-родители<br>-стручни лица од др.институции<br>-директор | Анкета<br>-Гудинаф тест<br>-мислење од надлежни институции | Континуирано во текот на целата учебна година | -прибрани податоци |
| Изработка на индивидуален план за ученикот | -прилагодување на содржините,<br>-консултации со одделенските и предметните наставници<br>-водење на ученичко Досие<br>- следење | -стручни соработници<br>-родители<br>-наставници<br>-одделенски раководители<br>-стручни лица од други институции<br>-директор | -Планирање<br>-Стручна литература | Континуирано во текот на целата учебна година | -изработен индивидуален образовен план |
| Давање насоки и упатства на наставниците за работа со | -одредување на методи на работа<br>-следење на часови<br>-давање насоки и | -ученици<br>-стручни соработници<br>-родители | Наставни средства и помагала | Континуирано додека има потреба | -дадени насоки и упатства<br>-изведени се планирани |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| учениците кои подоло отсуствуваат од настава | упатства<br>-континуирана соработка со сите наставници<br>-проверување на ученикот со соодветни методи<br>-информирање на родителите | -наставници<br>-одделенски раководители<br>-стручни лица од др.институции<br>-директор | | | активности<br>-ученикот е проверен со соодветни методи<br>- информирани се родителите |

***Еко-кодексот***

Вклученоста во еколошката програма на јасен и декларативен начин покажува посветеност на училиштето за подобрување на условите во кои се учи и работи, одржување и чување на чиста средина заштитена од секаков вид на загадување.

***Мултикултурализам***

Училиштето планира активности во насока на меѓусебно запознавање на учениците од различни етнички групи, со цел развивање почит и однос кон различностите. Одговорниот СИТ тим, по изготвување на Програмата за меѓуетничка интеграција на училиштето, изготви акционен план за реализација на низа мултикултурни активности во редовната настава или во вонннаставните активност.  Минатата учебна година, нашето училиште заедно со партнер училиштето ОУ ,,Никола Вапцаров” работеше на апликација и доби грант кој ќе се реализира оваа учебна година. И оваа учебна година училиштето ќе продолжи со заеднички активности со партнер училиштето во рамките на програмата за МИО.

## Програма за годишно глобално планирање за меѓуетничка интеграција во образованието – МИО

| Глобални активности | Очекувани резултати-продукт | (пред) услови | Реализатори | Термин од....до |
|---|---|---|---|---|
| Аналитичко следење на активностите на WEB страната на ПМИО | Сознавање на новите содржински аспекти на ПМИО | Информирање на наставниците за текот на проектот ( МИО ) | СИТ | Септември |
| Професионална информираност на наставниците за МИО активности | Професионален развој, насочување на наставниците за квалитетно водење на МИО активности | Стручна презентација, соработка со партнерските училишта во контекст на МИО во образованоето | СИТ | Септември |
| Имплементирање самостојни мулти – културни активности | -Развивање компетенции кај учениците за МИО ( промовирање на вредности за заедничко живеење и почитувањена разликите меѓу луѓето);<br>-Учат за сопствената и културата на другите;<br>-Учат за соработка, толеранција, еднаквост, праведност;<br>-Развивање вештини за решавање на конфликти | Користење на прирачници за животни вештини и Демократско учество | Наставници од<br>I – IX одд. | Во текот на учебната година |
| Демократски формирана ученичка заедница (од паралелка до училиште) | Развивање на вештини на толеранција, недискриминација, соработка, еднаквост | Користење на прирачници за Демократско учество и примери на добра пракса | Наставници од<br>I – IX одд. , стручна служба | Септември и октомври |
| Реализација на грант во соработка со партнер училиштето | Остварен контакт, позитивна атмосфера за соработка, дефинирани цели и ритамот на заедничките активности | Обезбедена средба на тимовите, размена и дополнување на идеи за заеднички активности | Тимовите на партнер училиштата | Во текот на учебната година |
| Планирање краткотрајни воннаставни заеднички активности со партнер | Потикнување взаемна почит, сфаќање на меѓусебни сличности и разлики, намалување на негативни | Реализирање заеднички активности преку непосреден контакт и | СИТ и тимот за реализација од партнер училиште, ученици, | Во текот на учебната година |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| училиштето Никола Вапцаров | стереотипи и предрасуди за другите, меѓусебна доверба, вештини за заедничко комуницирање | електронска комуникација | родители | |
| Вклученост на училишната заедница од партнер училиштето | Иницирање на демократска комуникација | Имплицирани заеднички активности преку електронска комуникација | СИТ | Во текот на учебната година |
| Следење на реализација на самостојни мулти – културни заеднички активности | Негување на демократски вредности на чивекови права, развивање вештини за решавање конфликти преку повратни информации | Средба на тимовите на кои се дискутира за реализација на активности на ниво на училиште и партнер училиште | СИТ | Во текот на учебната година |
| Изработка иконографија со мулти – културен и мулти – етнички карактер | Градење на мулти – културни и мулти – етнички вредности и различности | Сликовен и писмен матерјал, изложен во холот и училницата | СИТ и тимовите на реализација | Во текот на учебната година |
| Вклучување на родителите и членовите на заедницата | Промовирање и осознавање на мулти – културни и мулти – етнички концепти | Вклученост во реализацијата на учениците во МИО активности | Родители, членови на Совет на родители, членови на заедницата | Во текот на учебната година |
| Вклучување на Училишниот одбор во планирање и следење на МИО активности | Информирање за тековните МИО активности, активности во училиште и надвор од него | Средби на членови на Училишен одбор со тимот на училишна интеграција | СИТ , членови на Училишен одбор | Во текот на учебната година |
| Промоција на реализирани МИО активности | Промотивен настан на училишно ниво за МИО активности пред Управата, наставниците, родителите , претсавници од заедницата | Подготвен промотивен матерјал (постери, покани), поканети гости на настани | СИТ, наставник по информатика,ученици, родители, медиуми | Мај - јуни |
| ОЖВ работилници | **4 одделение**<br>1. III Тема: Јас и другите – Општествени односи<br>Содржина III-8: Градење позитивен однос кон својата земја | Подготвен материјал за работилниците | Одговорни наставници од I – IX одделение | ОКТОМВРИ |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | Работилница III-8.2: Претстави ја Македонија<br>1. II Тема: Јас и ти – интерперсонални односи<br><br>Содржина II-10: Разрешување на конфликти<br>Работилница II-10.2: Конфликтите се скалила<br><br>2. III Тема: Јас и другите – Општествени односи<br><br>Содржина III-11: Развивање критички однос кон медиумите<br>Работилница III-11.1: Приказната на другиот<br>3. II Тема: Јас и ти – Интерперсонални односи<br><br>Содржина II-2: Формирање, одржување и прекинување на врски<br>Работилница II-2.1: Цвеќе на пријателството<br><br>4. III Тема: Јас и другите – општествени односи<br><br>Содржина III-1: Познавање на базичните човекови права<br>Работилница III-1.2: Права и одговорности | | | ДЕКЕМВРИ<br><br>МАЈ |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | **3 одделение**<br>1. Јас и другите – општествени односи – почитување на другите *И различните можат да се дружат*<br>2. Јас и ти – Интерперсонални односи *Роденденот на Орхан*<br>3. Градење на чувство за општа-цивилизациска припадност *Да го запознаеме светот*<br>4. Почитување на другите (недискриминација) *Направи свој отпечаток*<br>5. Јас и околината – однос кон надворешната средина *Ја разубавувамеучилницата* – новогодишни празници<br>**5 Одделение**<br>Градење позитивен однос кон својата земја – Работилница: Претстави ја Македонија<br>Прифаќање сличности и разлики - Работилница: Од важно, поважно<br>Разрешување конфликти - Работилница: Конфликтите се скалила – стр. 116<br>Разрешување конфликти - Работилница: Извор на конфликтите<br>Познавање на базичните човекови права - Работилница: Права и одговорности | | | СЕПТЕМВРИ<br>ОКТОМВРИ<br>ФЕВРУАРИ<br>МАРТ<br>МАРТ |

## Односи меѓу сите структури

Училиштето во рамките на дебатите на училишниот парламент ги анализира критичките точки во комуникација помеѓу ученици-наставници. Оваа учебна година училиштето треба да формира Тим од ученици, наставници и родители кои ќе имаат задача да направат анализа на критичките точки во комуникацијата помеѓу одредени структури во училиштето (ученици-наставници- родители-директор-помошник дитектор-стручна служба-технички кадар). За учебната 2019/2020 година се планира реализација на заеднички состаноци – работилници, дебати на кои ќе се разгледуваат можните слабости на комуникацијата и воедно се предлагаат нови начини на комуницирање. Со цел подигнување на меѓусебната соработка и доверба се планира реализација на заеднички прослави на верски празници, заеднички посети или излети, соработка со родителите, соработка со НВО и Здруженија за поддршка на родители со деца со посебни образовни потреби за успешно интегрирање на сите ученици и обезбедување поддршка на родителите. Една од задачите на која ќе се посветиме во наредната учебна година е реализација на едукативни работилници со Совет на родители на кои интерактивно ќе се разработуваат теми: Надминување на стереотипи и предрасуди, и  Спречување на конфликти со чија помош родителите ќе се вклучат во поттикнување на меѓусебната соработка

## 15. Професионален развој на образовниот кадар

***-Детектирање на потребите и приоритетите***

Во интерес на унапредување на професионалниот развој на образовниот кадар во нашето училиште извршена е анкета на вработените за нивните потреби за професионален развој (посета од обуки и семинари). Од извршеното анкетирање на наставниците се добиени следните податоци:

| Потребни обуки - теми | Број на наставници |
|---|---|
| Обуки за индивидуална работа и помош на ученици со ПОП | 22 |
| Обуки за работа со талентирани деца | 5 |
| Обуки поврзани со музичко образование | 2 |
| Обуки за користење одредени компјутерски програми | 10 |
| Обука за менаџирање на конфликти | 7 |

***-Активности за професионален развој***

Со утврдување на потребите за професионалниот развој на вработените се планира организација и реализација на интерни обуки, семинари, работилници од кои имаат потреба наставниците и дисеминации од проектите кои ќе ги реализараат нашите наставници за своите колеги од централното и подрачното училиште. Пред почетокот на секоја учебна година во училиштето се прави евалуација и од неа произлегуваат наредните приоритети за професионален развој. Во согласност со финансиските можности на училиштето се планираат и други посети на обуки кои ги одржуваат овластени обучувачи.

***-Личен и професионален развој***

Училиштето изготвува акциски план со планирани активности. Се планираат различни видови на организирање и пренесување на знаења или размена на професионално искуство, преку професионалните активи, организирање на отворени часови и работилници во текот на целата учебна година. Во текот на наставната година се реализираат посети и анализина наставни часови кај секој наставник. По посетата на часот наставникот реализира консултација со тимот кој го посетил (директор, помошник директор, педагог и психолог) и притоа му се укажува на јаките и слабите страни од часот со насоки за надминување на пропустите и унапредување на професионалниот развој.

- ***Хоризонтално учење***

Се планираат различни видови на организирање и пренесување на знаења или размена на професионалното искуство преку професионалните активи, организирање на отворени часови, работилници. Училиштето изготвува акциски план со планирани активности, носители на тие активности, време на реализација, очекувани исходи, начин на следење, критериуми за успех.

***Тимска работа и училишна клима***

Во нашето училиште се предвидуваат форми на поттикнување на попродуктивна соработка помеѓу наставниците, да се одржуваат ефективни состаноци со конкретни заклучоци, предлози и мерки се со цел да се зголеми взаемното почитување и доверба, конструктивно решавање на проблемски ситуации, отворена комуникација, почитување на мислењето на секој поединец, да се биде критичен и самокритичен.

# Програма за професионален развој на образовниот кадар

| **Компетенции** | **Тема, опсервација** | **Активности и форми на професионален развој** | **Очекувани исходи** | **Вид на професионален развој** | **Потребни ресурси** | **Носител на активности** | **Време на реализација** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Воведување, следење, активно усвојување, актуелни, современи, иновативни, професионални знаења, концепти | -Слушањето музика поттик за оптимална клима во одделението<br>-Карактеристики на успешна квалитетна настава ( I, II и III дел)<br>-Интерактивен пристап во наставата како едукативна поддршка на ученикот<br>-Развој на социјалните способности кај ученикот | Заедничко учење, консултации, индивидуално проучување на, стручни извори | Усвоени, автоматизирани, професионални знаења, вредности за примена во наставата, нејзино унапредување | Индивидуален во училиште | Стручна литература, учебници | Тимот на професиона лен развој | Континуирано |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | -Примена на креативни вештини за развој на креативноста кај ученикот<br>-Слушањето музика поттик за оптимална клима во одделението<br>-Карактеристики на успешна квалитетна настава ( I, II и III дел)<br>-Интерактивен пристап во наставата како едукативна поддршка на ученикот<br>-Развој на социјалните способности кај ученикот<br>-Примена на креативни вештини за развој на креативноста кај ученикот | | | | | | |
| Подготовка на процесионалниот тек на изработката на Самоевалуацијата | Аналитичко проучување на секое подрачје од самоевалуацијата | Заедничко учење, соработка меѓу наставниот кадар | Успешна изработка на документот | Индивидуален и групен во рамките на училиштето | Педагошки документи, ЗОО, стручна литература, емпириски инструменти | Севкупниот наставен кадар | Септември, октомври 2019 |
| Иницирање на компетентното функционирање на работата на | Интерактивна размена на добри практики меѓу наставниците од | Заедничко учење, дискусии, консултации, индивидуален | Поттикнување на стручната креативност на наставниот | Интерен во училиштето | Стручна литература, учебници, работни | Тимот на професиона лен развој | Во текот на годината |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| стручните активи од I – IX одделение | различни наставни предмети и одделенија | пристап | кадар | | листови, интернет | | |
| Сознавање на компетентноста на актуелната образовна технологија во наставниот процес | Процесен апликативен тек на импликациите на образовната технологија | Фрекфентна импликација на образовната технологија | Вешто користење на иновативните трендови на образовната технологија | Индивидуален и групен пристап | Интернет, стручна литература | Севкупен наставен кадар | Во текот на годината |
| Емпириско истражување на педагошки проблем | Испитување на ставови на наставниците и стручните соработници за потреба и примена на професионалниот развој на наставниците и стручните соработници | Индивидуален пристап | Стручна вештина за облективната процена на содржината на истражувањето | Индивидуален во училиштето | Стручна литература, инструмент за истражувањ е | Тим на професиона лен развој | Март 2019 година |
| Развивање на ефективна соработка со советот на родители | Презентирање професионални искуства за позитивен развој на учениците | Заедничко учење, дискусии, индивидуален пристап | Пимена на стекнатите знаења за иницирање на соработка со родители | Интерен во училиште | Стручна литература, ученички портфолија | Тимот на професиона лен развој | Во текот на годината |

# 16. Вклученост на семејствата во училиштето

***-Во животот и работата на училиштето***

Во учебната 2019/20 година училиштето треба да ги информира семејствата на учениците за работата на училиштето и успехот на учениците. Преку индивидуалните и групни родителски средби, седниците на Совет на родители, информативните списанија (брошури), родителите редовно се информираа за работењето на училиштето. Активно се вклучуваа во организација на спортски манифестации и ликовни изложби, организација и реализација на приредби, излети и научни посети, поставување на декор, украсување на училиштето, реализација на предавања за унапредување на здравјето и реализација на настава (експерти од одредени професии).

***-Во процесот на учење***

Соработката со семејствата на учениците е од особена важност за подобрување на успехот, дисциплината, поведението и изостаноците на ученикот. Соработката со одделенскиот раководител, наставниците, психологот, со цел континуирано и редовно информирање на родителот на ученикот, придонесува за надминување на пројавените проблеми. Преку соработката на одделенскиот раководител со стручната служба, родителите навремено се информирани за индивидуалниот напредок на нивното дете, социјализација, адаптација и детектирани проблеми кај ученикот. Родителите и семејството имаат увид во начинот и условите за работа во училиштето, реализација на наставата, напредокот на учениците и проектите кои се реализираат во училиштето.

***-Во активностите на училиштето***

Училиштето ги вклучува родителите при реализацијата на екскурзии, воннаставни активности, училишен продажен хепенинг, натпревари, приредби, манифестации, промоции и др. Информирањето и соработката меѓу училиштето и родителите се остваруваше преку: општи родителски средби, индивидуални средби со родителите, телефонски и писмени контакти, состаноци на Советот на родители, семејно советување, посета на отворени часови, работилници со родители на критични групи ученици, вклучување во проекти и работилници кои се реализираат во училиштето.

***-Во донесување одлуки***

Состаноците на Советот на родители се одржуваа со цел – осовременување на условите за работа и унапредување на реализација на наставата и воннаставните активности во училиштето. Во учебната 2019/20 год. Советот на родители треба да одржи средби на кои родителите ќе бидат информирани за актуелните состојби во нашето училиште. Родителите активно учествуваат во избор на компанија за осигурување, фирма за фотографирање, организирана исхрана за ученици, организирање екскурзии за

учениците, носење ученички униформи. Во Совет на родители е вклучен родител како претставник од секое одделение. Советот на родители се ангажира за подобрување на успехот и поведението на учениците, односот на ученикот со наставникот и соучениците, намалување на изостаноците, осовременување на наставата и нејзино прилагодување на потребите на учениците.

### *-Едукација на семејството*

Родителите **усно** и **писмено** се известуваат за успехот, дисциплината, поведението и изостаноците на ученикот и во соработка со нив се работи на помош на ученикот за надминување на пројавените проблеми. Преку соработката на одделенскиот раководител со стручната служба, родителите навремено се информираат за индивидуалниот напредок на нивното дете, социјализација, адаптација и детектирани проблеми на ученикот. Родителите и семејството имаат увид во начинот и условите за работа во училиштето, реализација на наставата, напредокот на учениците и проектите кои се реализираат во училиштето. Соработката со родителите се остварува преку: општи родителски средби, индивидуални средби со родителите, телефонски и писмени контакти, посета на семејството на ученикот (класен раководител, психолог, педагог и директор), состаноци на **Советот на родители**, семејно советување, работилници со родители на критични групи ученици, информирање, вклучување во проекти и работилници кои се реализираат во училиштето, типизирани предавања и третирање на теми преку соопштенија, флаери, плакети, брошури и слично.

### *-Изработка на брошури за родители*

Училиштето има формирано тим за изработка на информативни списанија кои се во вид на брошури и информатори во кои ќе бидат наведени сите потребни информации за плановите на училиштето во учебната 2019/20 година, податоци за наставниците и приемните денови, информации за напредокот на учениците, планови за активности во училиштето и други актуелни прашања.

## 17. Комуникација со јавноста и промоција на училиштето

| Планирана програмска активност | Време на реализација | Реализатор | Исходи и ефекти |
|---|---|---|---|
| Соработка со средни училишта | Континуирано | Стручна служба | Сознание за запишани ученици и информација за запишување |
| Соработка со факултетите | Континуирано | Стручна служба, наставници | Менторство на студенти и приправници |
| Соработка со Општина Центар | Континуирано | Училиштето и ОЦ | Заеднички активности |
| Соработка со British council | Континуирано | Училиштето и British council | Заеднички активности |
| Соработка со Кинескиот центар Конфуциј | Континуирано | Училиштето и Кинескиот центар Конфуциј | Заеднички активности |
| Соработка со библиотеки | Континуирано | Училиштето и библиотеки | Заеднички активности |
| Соработка со музеи | Континуирано | Училиштето и музеј | Запознавање со историјата, културата, традицијата, наследството и минатото |
| Соработка со кина и театри | Континуирано | Училиштето, кината и театрите | Поттикнување на љубовта на филмската и театарската уметност |
| Соработка со ЈУДКЦ Карпош | Континуирано | Училиштето и ЈУДКЦ Карпош | Заеднички активности |
| Соработка со Goethe Institut | Континуирано | Училиштето и Goethe Institut | Заеднички активности |
| Соработка со Здружение совет за грижи и воспитување на децата на град Скопје | Континуирано | Училиштето и Здружение совет за грижи и воспитување на децата на град Скопје | Заеднички активности |
| Соработка со РСБСП | Континуирано | Училиштето и РСБСП | Заеднички активности |
| Соработка со Пакомак | Континуирано | Училиштето и Пакомак | Заеднички активности |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Соработка со издавачки куќи | Континуирано | Училиштето и издавачките куќи | Заеднички активности |
| Соработка со Здравствен Дом Битпазар | Континуирано | Училиштето и здравствениот дом | Заеднички активности |
| Соработка со Црвен крст | Континуирано | Училиштето и Црвен крст | Заеднички активности |
| Соработка со НВО Хера | Континуирано | Училиштето и НВО Хера | Заеднички активности |
| Соработка со училишта со посебни потреби | Континуирано | Училиштето и училиштата со посебни потреби | Заеднички активности |
| Соработка со еколошки организации | Континуирано | Училиштето и еколошките организации | Заеднички активности |
| Соработка со спортски здружениа | Континуирано | Училиштето и спортските здруженија | Заеднички активности |
| Соработка со агенции | Континуирано | Училиштето и најразновидни агенции | Заеднички активности |
| Соработка со Здружението за дислексија Ајнштајн-Скопје | Континуирано | Училиштето и Здружението | Заеднички активности |

## Медиуми (со цел промоција на училиштето)

| Планирана програмска активност | Време на реализација | Реализатор | Содржини на објавување | Очекувани исходи и ефекти |
|---|---|---|---|---|
| ПЕЧАТЕНИ МЕДИУМИ | | | | |
| Објавување на материјал (текст и слики) во списанијата: НАШ СВЕТ, ДРУГАРЧЕ, РАЗВИГОР и ЦЕНТАР | Во текот на годината | Одговорни наставници и ученици | Ликовни галерии, хепенинзи, патронен празник, саем на книгата, значајни манифестации и постигања на учениците | Афирмирање на училиштето |
| ЕЛЕКТРОНСКИ МЕДИУМИ | | | | |
| Македонска телевизија во емисијата „SBOH" и утрински програми | Во времето на денот на училиштето | Одговорни наставници и ученици | Забавни содржини посветени на патрониот празник | Промовирање на постигањата |
| ИНТЕРНЕТ<br>WEB страна на училиштето | Во текот на годината | Одговорни наставници | Брошура - билтен Годишна програма, Годишен и полугодишен извештај и др. | Транспарентно информирање за работата на училиштето |

# Прилог бр 1: Годишна програма за работа на Директорот

## Програма за работа на директор Вилма Поповиќ

Основа за планирање на работата на директорот на училиштето е законската регулатива и потребите на корисниците на услугите - ученици и родители, како и подобрување на условите за учење и подучување на реализаторите на воспитно-образовниот процес. Раководен орган на училиштето е директорот. При вршењето на својата раководна и менаџерска функција директорот ќе се раководи од неговата програма за работа на училиштето.

Обврски на современиот директор:

- да обезбедува услови за најефикасно давање на воспитно-образовни, научно-истражувачки, едукативни, развојни и информатички услуги.
- да обезбедува стратегија за развој на училиштето која нема да биде подложна на влијание од окружувањето и на чести промени и нестабилност.
- да обезбедува услови на организција, да ги задоволат барањата на оние државни органи кои ја контролираат нејзината работа (МОН, БРО, Државен просветен инспекторат и др.)
- да обезбеди континуирано користење информатичкиот систем кој ќе овозможи ползување на достигањата кај другите, но и нудење на своите достигања во науката, воспитанието, образованието, образовната технологија.
- да делува како авторитет кој компетентно и одговорно ги води организацијата, раководењето, мотивирањето и контрола над работата.

| **I. Водство** | | |
|---|---|---|
| **1.1. Стратешко водство**<br>**1.2. Училишна клима и култура**<br>**1.3. Соработка со родителите и заедницата** | **Носители и соработници** | **Време на реализација** |
| **1.1**<br>- Влијание на вработените во училиштето да ги претставуваат прифатените вредности во училиштето во опкружувањето и пошироко<br>- Избирање на стилови на водство и примена согласно ситуацијата<br>- Вложување во развојот на идентификуваните водачи, формирање тимови, давање ресурси и слобода за дејствување<br>- Остварување континуирана соработка со органите и телата во училиштето | Стручна служба, наставници | Континуирано |

| | | |
|---|---|---|
| **1.2**<br>- Воспоставување механизми за поддршка на наставниците и учениците со што придонесува за нивни високи постигања<br>- Превземање активности за одржување на постојано поттикнувачка атмосвера и градење позитивна клима на прифаќање и почитување на сите<br>- Воспоставување на систем што обезбедува сите ученици да се чувствуваат безбедни и прифатени вклучувајќи ги и учениците со ПОП<br>- Воспоставување процедури што обезбедуваат култура на транспарентност и одговорност<br>- Поставување висики и достижни очекувања од учениците и вработените<br>- Воспоставување хоризонтална и вертикална соработка во сите стручни тела во училиштето<br>- Обезбедување принцип на '' отворена врата'' за соработка со наставниците, родителите, локалната заедница и бизнис сектор<br>- Обезбедување услови за реализација за активности од областа на инклузија мултикултурализам, меѓуетничка интеграција, екологија и др. | Надлежни институции, општина, наставници, вработени, , директор | Континуирано |
| **1.3**<br>- Информирање на локалната самоуправа за потребите на училиштето и обезбедување подршка<br>- Соработка со локалната заедница при справување со кризни ситуации што ги засегаат училиштето и локалната заедница ( непогоди, епидемии, насилство и слично)<br>- Презентирање на работата на училиштето и промовирање преку постигањата на учениците и наставниците<br>- Заедничка реализација на превентивни, хуманитарни и културни активности со локалната заедница<br>- Соработка со граѓанскиот сектор и активно вклучување на вработените и учениците во проекти од интерес на заедницата и на училиштето<br>- Соработка со соодветни невладини здруженија за заштина и поддршка на младите<br>- Соработка со институции надлежни за образованието- МОН, БРО, ДПИ , ДИЦ и др.<br>- Обезбедување услови за соработка со други училишта<br>- Реализација на планирани активности со родителите во одделни сегменти во воспитно образовниот процес | Директор , педагог, психолог, наставници, Општина Центар | Континуирано |

| II. Раководење со човечки ресурси | | |
|---|---|---|
| **2.1 Комуникација и односи со јавност**<br>**2.2 Унапредување на човечките односи**<br>**2.3 Професионален и кариерен развој**<br>**2.4 Обезбедување кадар, работно воведување и ангажирање** | | |
| **2.1**<br>- Формирање тимови за односи со јавноста и изготвување акционен план и програма за презентација на училиштето<br>- Воспоставување и одржување јасен систем на комуникација во училиштето и средината<br>- Комуницирање со вработените континуирано, непосредно во писмена и во електронска форма<br>- Користење на различни видово и приоди во формална и неформална комуникација<br>- Применување на позитивен модел на комуникациски вештини со вработените<br>- Приспособување на начинот на комуникација за надминување на недоразбирањата<br>- Планирање на состаноците и навремено информирање на учесниците<br>- Конструктивно насочување на дискусиите за време на состаноците<br>- Градење стратегија за одржување на угледот на училиштето<br>- Реализација на планот за привлекување на ученици како резултат на квалитетот на вработените и наставата во училиштето<br>- Следење на осипувањето и градење стратегија за негово намалување во училиштето | Педагог, психолог, наставници | Континуирано |
| **2.2**<br>- Градење јасен приод за развој на меѓуетничките односи и надминување на конфликтите<br>- Учество во разрешување конфликти и градење доброи меѓучовечки односи<br>- Водење на грижа при распределба на работните ангажмани на вработените<br>- Развивање на клима и култура кои го подржуват вклучувањето на вработените во донесувањето одлуки, поставување цели и креирање промени | Педагог, психолог, наставници | Континуирано |
| **2.3**<br>- Анализирање на ефективноста на сопственото работење и изготвување личен план за професионален развој<br>- Воспоставување систем за интерно стручно усовршување на вработените (предавања, работилници)<br>- Менаџирање со активностите предвидени во годишниот план за професионален развој<br>- Користење на различни инструменти за евалуација на работата | Педагог, психолог, наставници | Континуирано |

| | | |
|---|---|---|
| **2.4**<br>- Планирање на персонална соработка со институциите<br>- Спроведување интервју со потенцијални кандидати за вработување<br>- Обезбедување стручен и компетентен кадар<br>- Континуирано следење на работата на сите вработени и обезбедување соодветна подршка<br>- Препознавање и наградување на индивидуални постигнувања | Педагог,<br>психолог<br>наставници | Континуирано |
| **III. Педагошко раководење на училиштето** | | |
| **3.1 Планирање**<br>**3.2 Подршка на наставата и учењето**<br>**3.3 Обезбедување квалитет (евалуација, самоевалуација и развој)**<br>**3.4 Создавање здрава, безбедна и демократска средина за учење и развој на ученикот** | | |
| **3.1**<br>- Градење систем за вклучување на предлозите на вработените во планирањето на работата на училиштето<br>- Изготвување годишни, оперативни и неделни планови за сопствената работа<br>- Ревидирање на програмите краткорочно, среднорочно и долгорочно<br>- Презентирање на годишните планирања пред органите и телата на училиштето и пред локалната заедница<br>- Иницирање и насочување активности за иновација во наставата | Наставници,<br>координатори на<br>тимови ,<br>стручна служба | Континуирано |
| **3.2**<br>- Воспоставување процедури за планирање на наставата и на вонннаставните активности<br>- Подршка на наставниците при планирањето<br>- Изработка и користење инструменти за следење на наставата<br>- Следење наставни часови и давање повратни информации | | |
| **3.3**<br>- Следење на ефективноста од реализацијата на училишните планови и програми<br>- Поддршка на тимовите за изработка на самоевалуацијата<br>- Водење советодавно – инструктивни разговори со наставниците, учениците и родителите<br>- Обезбедување размена на добри практики на иновативна настава во рамките на училиштето и со други училишта вклучувајќи и користење на современо образовна технологија | | |

| | | |
|---|---|---|
| **3.4**<br>- Обезбедување грижа од страна на сите во училиштето за физичката средина, изглед, хигиена и слично<br>- Обезбедување услови за безбедно опкружување и заштита на учениците од насилство и злоупотреба<br>- Формирање инклузивни тимови<br>- Обезбедување активности за запознавање со културите на заедниците што живеат во РМ<br>- Создавање услови за вклучување на учениците во животот на училиштето и непречена работа на ученичките организации | Директор,<br>Стручна служба | Континуирано |

| **IV. Финансиско раководење** | |
|---|---|
| **4.1 Раководење со финансиските ресурси**<br>**4.2 Раководење со материјалните ресурси** | |
| 4.1<br>- Пронаоѓање можни извори на дополнително финансирање и дополнителни средства за училиштето<br>- Следење на наменското трошење на средствата во согласност со одобрениот буџет<br>- Информирање на органите и телата во училиштето за трошење на финансиските сретства<br>- Навремено исполнување на финансиските обврски<br>- Следење на постапките за реализирање на јавните набавки согласно законот<br>- Обезбедување услови за транспарентно усвојување на завршната сметка | Континуирано |
| **4.2**<br>- Реализација на планот и распоредот за максимално коистење на расположивите капацитети за изведување на наставата и вонннаставните активности во согласно со потребите<br>- Реализација во обезбедување на потребни материјални ресурси за одвивање на наставата<br>- Вклучување на вработените во планирањето на буџетот и информирање за негоба прераспределба<br>- Обезбедување на материјални ресурси за непречено одвивање на наставата | |

| **V. Законско и административно работење на училиштето** | | |
|---|---|---|
| **5.1 Примена на законски и под законски акти**<br>**5.2 Изработка и примена на интерни акти и документација**<br>**5.3 Раководење со административните процеси**<br>**5.4 Примена на информациските системи во училиштето** | | |
| 5.1<br>- Обезбедување примена на законската регулатива во училиштето<br>- Воспоставување систем за информирање на вработените и претставниците од училишните органи и тела за релевантни законски прописи | Педагог, претседатели на активи, одделенски наставници, родители<br>секретар, училишен одбор | Континуирано |
| 5.2<br>- Организирање и учество во работата на тимовите за изработка на интерни акти<br>- Носење интерни акти во сопствена надлежност<br>- Обезбедување доследно спроведување на интерните акти<br>- Спроведување одлули донесени од училишниот одбор | Педагог ,психолог<br>,наставници | Континуирано |
